Друштво за трговија производство и услуги Опиком Санде Стојановски ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 03-20/1
20.06. 2017 год.
Пробиштип

ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА
СУ бр. 123/17-3
20.06.2017 година
КРИВА ПАЛАНКА

# ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА

Склучен на ден 20.06.2017 година во Крива Паланка, помеѓу:

ДОГОВОРНИОТ ОРГАН: Основен суд Крива Паланка, ул. „Свети Јоаким Осоговски“ бр. 142, претставуван од Претседателот на судот Анкица Димитровска (во натамошен текст - Договорен орган), и

ЕКОНОМСКИОТ ОПЕРАТОР - ПОНУДУВАЧОТ: Друштво за трговија, производство и услуги ОПИКОМ Санде Стојановски ДООЕЛ увоз-извоз Пробиштип, ул. Јаким Спиров бр. 32/9, претставувано од овластено лице Горан Стојановски (во натамошниот текст - Носител на набавката).

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој договор е набавка на печатени материјали (обрасци) по нарачка и тоа: повратница за лична достава во кривични предмети, во количина од 5000 - пет илјади парчиња, повратница за лична достава во граѓански предмети (сина боја), во количина од 4000 - четири илјади парчиња, доставница (кривичен оддел), во количина од 5000 - пет илјади парчиња, доставница (граѓански оддел), во количина од 3500 - три илјади и петстотини парчиња, покана за обвинет (Прк.бр.), во количина од 4000 - четири илјади парчиња, покана за сведок (Прк.бр.), во количина од 2500 - две илјади и петстотини парчиња, покана К.бр. (образец СД 43, член 202 од Судски деловник), во количина од 3000 - три илјади парчиња, покана за одговор на тужба, во количина од 2000 - две илјади парчиња, покана за рочиште за главна расправа, во количина од 2000 - две илјади парчиња, покана за подготвително рочиште, во количина од 1000 - илјада парчиња, покана за сведок - (образец СД 40, член 202 од Судски деловник), во количина од 1000 - илјада парчиња, Образец А4 формат без перфорација со едностран печат - писмо до УЈП, во количина од 1000 - илјада парчиња, обвивки на списи (П.бр.) - зелена боја, во количина од 500 - петстотини парчиња, обвивки на списи (ППНИ.бр.) - бела боја, во количина од 100 - сто парчиња и обвивки на списи (О.бр.) - жолта боја, во количина од 500 - петстотини парчиња, за потребите на Основен суд Крива Паланка за 2017 година, согласно објавениот оглас бр. 2/2017 на ЕСЈН и одлуката за избор на најповолна понуда, СУ.бр. 123/17 од 15.06.2017 година.

## II. ИСПОРАКА И ПРИЕМ НА СТОКИТЕ

### Член 2

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го испорачува сукцесивно, во зависност од потребите на договорниот орган - судот, по претходно добиена нарачка (по факс или по електронска пошта), во која ќе бидат назначени видот и количината, од овластено лице на договорниот орган, во рок од 2-два (работни) дена од денот на добивање на нарачката, при што договорниот орган се обврзува приемот на количеството да го потврди на соодветен документ (испратница и сл.), со внесување на личните податоци на лицето овластено за прием.

Квантитативниот и квалитативниот прием ќе се врши при примопредавањето на стоките.

### Член 3

Договорниот орган може да го рекламира количеството и квалитетот на испорачаните стоки, во рок од 8-осум дена од приемот на истите, при што е должен да изготви записник за утврдените недостатоци, кој го потпишува овластеното лице за прием кај договорниот орган и овластено лице на носителот на набавката.

Носителот на набавката е должен да ја разгледа рекламацијата и најдоцна во рок од 8-осум дена да го извести договорниот орган за основаноста на рекламацијата и за мерките што ќе бидат преземени.

## III. ЦЕНИ, УСЛОВИ, НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 4

Печатените материјали (обрасци) по нарачка, договорниот орган ги купува по вкупна цена определена во ставот III од одуката за избор на најповолна понуда на договорниот орган, СУ.бр. 123/17 од 15.06.2017 година, која цена изнесува 18.450,оо (осумнаесетилјадичетиристотиниипеесет) денари, без вклучен ДДВ, по следните технички спецификации:

| Ред.бр. | Вид на материјалите | Единечна мера | количина |
|---|---|---|---|
| 1 | Повратница за лична достава во кривични предмети, минимум 70 гр/м2, Образец СД бр.49, член 202 од Судски деловник | парче | 5000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | Повратница за лична достава во граѓански предмети (сина боја), минимум 70 гр/м2,<br><br>Образец СД бр.41-а, член 202 од Судски деловник | парче | 4000 |
| 3 | Образец А5 формат без перфорација, со двостран печат -доставница (кривичен оддел), минимум 70 гр/м2, | парче | 5000 |
| 4 | Образец СД 44, член 202 од Судски деловник -доставница (граѓански оддел), минимум 70 гр/м2 | парче | 3500 |
| 5 | Образец А5 формат со перфорација со едностран печат -покана за обвинет (Прк.бр.), минимум 70 гр/м2 (Образец СД 46, член 202 од Судски деловник) | парче | 4000 |
| 6 | -покана за сведок (Прк.бр.), минимум 70 гр/м2 (Образец СД 48, член 202 од Судски деловник) | парче | 2500 |
| 7 | Образец А5 формат со перфорација со двостран печат -покана К.бр. (кривична), минимум 70 гр/м2 (Образец СД 43, член 202 од Судски деловник) | парче | 3000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8 | -покана за одговор на тужба, минимум 70 гр/м2 (Образец СД 33, член 202 од Судски деловник) | парче | 2000 |
| 9 | -покана за рочиште за главна расправа, минимум 70 гр/м2 (Образец СД 32, член 202 од Судски деловник) | парче | 2000 |
| 10 | Покана за подготвително рочиште, минимум 70 гр/м2 (Образец СД 29 , член 202 од Судски деловник) | парче | 1000 |
| 11 | Покана за сведок, минимум 70 гр/м2 (Образец СД 40, член 202 од Судски деловник) | парче | 1000 |
| 12 | Образец А4 формат без перфорација со еднострани печат -писмо до УЈП, минимум 70 гр/м2 | парче | 1000 |
| 13 | Обвивки на списи (П.бр.) -картонска минимум 300 гр/м2 формат 500х320 мм – зелена боја (Образец СД 17, член 165 став 1 од Судски деловник) | парче | 500 |
| 14 | Обвивки на списи (ППНИ.бр.) -бела хартија минимум 60 гр/м2 формат 500х320 мм – бела боја (Образец СД 25, член 166 од Судски деловник) | парче | 100 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 15 | Обвивки на списи (О.бр.)<br>-картонска минимум 300 гр/м2<br>формат 500х320 мм – жолта боја<br>(Образец СД 25, член 166 од Судски деловник) | парче | 500 |

Носителот на набавката е должен стоките предмет на овој договор да ги испорача по цената постигната на електронската аукција, која цена е најниска и најповолна цена, и оваа цена ќе биде фиксна (непроменлива) за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

Член 5

Како ден на испорака на стоката се смета денот кој е впишан во документот за прием на стоките.

За испорачаните стоки, договорниот орган е должен да му ја плати на носителот на набавката фактурираната цена, доколку е во согласност со цената утврдена во членот 4 од овој договор.

Начинот на плаќање е вирмански, по испорака на стоките и достава на фактурата со испратница, во рок од 60 (шеесет) дена од денот на приемот на фактурата со испратница во архивата на договорниот орган, при што носителот на набавката е должен во фактурата да го наведе бројот и датумот на огласот.

## IV. ОДГОВОРНОСТ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

Член 6

Доколку носителот на набавката испорачува стоки со карактеристики спротивни на бараните технички спецификации, и по писмена опомена од договорниот орган, во рок од 8 (осум) дена не го одстрани недостатокот, како и во случај кога носителот на набавката и покрај писмената опомена, доцни со испораката на стоките без оправдани причини, договорниот орган има право да го раскине договорот и да бара надомест на штета.

Член 7

Во случај договорниот орган да задоцни со плаќањето на фактурите од неоправдани причини, носителот на набавката има право на камата определена со закон.

## V. ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ

Член 8

Договорните страни се ослободуваат од одговорност за превземените обврски по овој договор во случаи, настани и околности што се предизвикани независно од волјата на договорните страни, а што го отежнуваат или оневозможуваат исполнувањето на договорот.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 9

Овој договор стапува на сила од моментот на неговото потпишување од страна на овластените претставници на договорните страни.

Член 10

Во случај да настане спор помеѓу договорните страни во врска со одредбите на овој договор, истите ќе настојуваат спорот да го решат спогодбено, а доколку не се постигне спогодба, за решавање на настанатите спорови, ќе биде надлежен стварно надлежниот суд во Скопје.

Член 11

Овој договор е склучен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) примероци за секоја договорна страна.

| НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА | ДОГОВОРЕН ОРГАН |
|---|---|
| ДТПУ ОПИКОМ ДООЕЛ Пробиштип | Основен суд Крива Паланка, |
| Овластено лице, | Претседател, |
| Горан Стојановски | Анкица Димитровска |